**Поздравно обраќање на Министерката за одбрана Славјанка Петровска по повод денот на Командата за операции на Армијата на Република Северна Македонија**

касарна „Боро Менков“, Куманово, 16.10.2023 година

Чест ми е што имам можност да ви се обратам на денешната свеченост по повод 17. Октомври, Денот на Командата за операции, најголемата команда во Армијата, која е и столбот на македонската Армија, која во себе ги вклучува сите видови на родови и служби во Армијата и истите успешно ги спојува во една професионална, мотивирана и добро обучена сила чија основна цел е безбедноста на татковината и сигурноста на сите наши граѓани.

Денот на оваа команда, 17 октомври нѐ потсетува и на нашите традиции чија основна цел била и ќе остане самобитноста на македонскиот народ, и на сите граѓани кои живееле и живеат во нашата татковина и нивниот вековен стремеж да бидат самостојни и суверени. 17 октомври е денот кога во 1887 година за време на македонското Кресненско востание е формиран првиот воен штаб на воена формација во македонската историја. Затоа, овој ден, имајќи ја предвид местото и улогата на Командата за операции во современата македонска Армија е исклучително значаен за нас.

Командата за операции низ сиве овие години ги покажа своите квалитети. Во вашата структура е Лесната пешадиска баталјонска група, нашиот НАТО состав кој интензивно се обучува и се опремува со најнова и најсофистицирана опрема. Припадниците на Армијата кои со своето учество во мултинационалните сили на НАТО во Латвија, Романија и Бугарија, даваат суштински придонес кон колективната безбедност на НАТО, во најголем дел доаѓаат токму од оваа Команда. Вашите припадници беа упатени и во Словенија, во помош и поддршка на нашите сојузници во справувањето со големите поплави.

Кога зборуваме за подготвеноста да се помогне на македонските граѓани при секакви елементарни непогоди, всушност зборуваме за подготвеноста на војниците кои се во единиците под ваша команда.

Кога ќе ги спомeнеме успешно реализираните вежби заедно со сојузниците, или за успешните НАТО оценувања низ кои поминавме минатата година, повторно зборуваме за припадници во единици под Командата за операции.

Вашиот придонес е сеопфатен и за тоа ви изразувам искрена благодарност.

Но, ние во раководството во Министерството и Армијата не сме само благодарни, туку секојдневно работиме и за подобрување на условите, и за поголема мотивираност на секој еден припадник во секоја од единиците во Командата за операции.

Процесот на модернизација и опремување, чии резултати се веќе видливи е процес кој ќе продолжи да се движи со позабрзано темпо. Во буџетот кој веќе е во фаза на планирање за следната година, се издвојуваат 2 проценти од бруто-домашниот производ за одбраната, а веќе една третина ќе биде и понатаму наменета од тој буџет за продолжување на процесот на модернизација. Тоа значи дека можеме со сигурност да кажеме дека Армијата ќе продолжи континуирано да се опремува со нова, модерна и софистицирана воена опрема.

Вашите единици, но и секој еден припадник во Армијата тоа го заслужува затоа што со секојдневната работа покажувате дека вие сте вистински професионалци со интегритет, со вештини и со способности и дека сте вие сте патриоти кои целиот свој професионален живот го посветувате на нашата безбедност и сигурност.

Почитувани командант на Командата за операции и старешини во Командата ,
вие раководите со над една половина од армискиот состав и тоа го правите исклучително успешно и ефикасно. Вам и на целиот тим во Командата, ви упатувам честитки за сите резултати од вашата работа кои се и мерливи и видливи. Затоа немам сомнеж дека и на следното НАТО оценување кое го очекуваме во следните неколку години, ќе ја покажете вашата вредност. Ќе докажете дека македонската Армија е вистинска НАТО Армија која работи согласно највисоките стандарди на Алијансата.

Продолжете посветено и неуморно да работите на нашата безбедност, а ние ќе продолжиме да инвестираме во вас и во вашите услови.

Нека е честит 17. Октомври, Денот на Командата за операции.

Ви благодарам.